МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

ТЕОРИЈА НА ОБЛИКУВАЊЕТО И ДИЗАЈНОТ

ЗА I ГОДИНА ЗА СРЕДНО УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2005 година

1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

1.1. Назив на наставниот предмет: *ТЕОРИЈА НА ОБЛИКУВАЊЕТО И ДИЗАЈНОТ*

1.2. Образовен профил, насока и струка на кои припаѓа наставниот предмет
1.2.1. Образовен профил: *за сите образовни профили*
1.2.2. Насока: *применета ликовна уметност*
1.2.3. Образование: *уметничко*

1.3. Диференцијација на наставниот предмет: *предмет заеднички за насоката*

1.4. Година (фаза) на изучување на наставниот предмет: *I година*

1.5. Број на часови на наставниот предмет
1.5.1. Број на часови неделно: 2 *часа*
1.5.2. Број на часови годишно: *72 часа*

1.6. Статус на наставниот предмет: *задолжителен предмет*

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Целите на наставата по теорија на обликувањето и дизајнот се:

- ученикот да го осознае значењето на ликовните елементи во ликовното творештво;
- да ја воочи улогата на секој ликовен елемент во уметничките творби и нивниот заемен однос;
- да ги применува ликовните елементи и другите теоретски знаења од естетиката во творештвото;
- да истражува и експериментира во областа на ликовниот јазик и креативно да ги користи и применува ликовните елементи и приницпи;
- да ги користи теоретските знаења во градењето ликовен критериум и во естетското вреднување на ликовни дела и вредности од културата;
- да умее да ги реализира визуелните претстави во ликовни решенија користејќи ги спецификите на ликовните материјали и техники.

3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

Во успешното остварување на програмските задачи за **теорија наобликувањето и дизајнот**, потребно е ученикот да има создадено интерес и љубов кон ликовното творештво и да има предзнаења и развиени способности стекнати во основното образование од наставните предмети: ликовно образование, музичко образование, техничко образование, мајчин јазик, како и корелација со наставните предмети сликарство, графика, историја на уметноста, дизајн, теорија на форма и боја и други во стручното уметничко образование.

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1. Структуирање на содржините за учење и творење за I година

Тематски целини	Број на часови	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
1. ВОВЕД	1 час	Ученикот: - да ги познава целите на наставната програма за работа; - да има стекнато општи сознанија за развојот на теори-јата на форма и боја; - да ја познава основната поделба на: ликовни елементи и ликовни принципи; - да ги разликува дводимензионалните и тродимензи-налните ликовни елементи; - да поседува сознанија за функцијата на ликовните елементи: ликовно-естетска, комуникациска, психолошка.	Наставникот: - подготвува шеми и други примери на ли-ковни елементи; - објаснува; - анализира репродук-ции на ликовни дела со доминација на одреден ликовен елемент; - демонстрира.	Историја на уметноста - Теорија на уметноста
2. ЛИНИЈА **- Видови линии**	2 часа	- Да познава различни сфаќања за настанувањето на линијата (еуклидовата теорија и др.); - да ја разбира улогата на линијата како основен ликовен елемент во ликовните уметности и дизајнот и користењето во науката и техниката; - да забележува видови линии: прави и криви, конт-растни и хармонични, карактер на линијата и функцијата на контурната линија за опис на формата - предметот; - да го познава психолошкото дејство на линијата; - да анализира ликовни дела и открива видови линии, карактер и други вредности на линијата;	- Анализира; - споредува ликовни дела со ист ликовен проблем; - објаснува, разговара, поставува прашања.	Математика - гео-метрија - Цртежи - Скулптури - Архитектура - Применета уметност - дизајн

		- да користи видови, контраст, карактер и други вредности на линијата во практичната работа.		
3. ФОРМА **- Видови форми**	**2** часа (ориента - ционо)	- Да забележува разлики меѓу форми од органско и неорганско потекло и да ги споредува со геометриски форми; - да забележува и разликува вистинска форма во приро-дата и илузија на форма во ликовни дела; - да познава видови форми: дводимензионална - плошна и тридимензионална, отворена и затворена форма; - да користи различни форми во ликовната работа;	- Ги објаснува поимите природна и илузија на форма; - набљудува; - споредува; - покажува репродук-ции со ист ликовен проблем.	Природни форми од органско и неорганско потекло.
4. ГОЛЕМИНА **- Разлики во големинта**	**2** часа (ориента -ционо)	- Да забележува односи на големо - мало; - да познава различни видови на односи на големина: големо - мало, долго - кусо, широко - тесно, дебело - тенко; - да користи спонтано и свесно разни големини во ликовната работа.	- Анализира ликовни дела со различна големина; - објаснува, демонстри-ра, дава инструкции.	- Математика - Физика
5. НАСОКА **- Видови насока**	**2** часа (ориента -ционо)	- Да разликува видови насока: хоризонтална, вертикална и коса; - да ја разбира улогата на насоката; - да користи видови насока во ликовното изразување.	- Го објаснува поимот насока; - црта, споредува; - демонстрира; - поставува прашања.	- Историја на умет-носта-архитектура - Репродукции на дела со разна насока
6. ТЕКСТУРА **- Видови текстура**	**2** часа (ориента - ционо)	- Да воочува разлики меѓу природни, вештачки и ликовни текстури; - да забележува визуелно и тактилно разни текстури; - да ја забележува поврзаноста на текстурата, структурата на материјалот и светлината; - да користи видови текстури во ликовно - творечката работа.	- Користи природни и вештачки материјали за објаснение на текстурите; - покажува примери од репродукции и оригинали.	- Форми од природ-но и вештачко потекло - Ликовни дела со различни текстури (цртежи, слики, скулптури)

7. СВЕТЛИНА И ТОН **- Тонска скала**	**2** часа (ориента ционо)	- Да ја познава улогата на светлината во доживувањето на формата и бојата и да го забележува тонот (количината на светлина) како составен дел на бојата; - да го разбира поимот валер - светлинска вредност на тонот; - да осознае за основните валерски клучеви; - да ја разбира функцијата на тонот - валерот и да го употребува во цртањето и сликањето.	- Го објаснува поимот валер. - покажува слики со валерски решенија.	- Физика
8. БОЈА **- Спектар на боите**	**2** часа (ориента -ционо)	- Да ја разбира врската меѓу светлината и појавата на бојата (адитивно и супрактивно мешање на бојата); - да го познава физичкиот процес на настанувањето на боите - електромагнетскиот спектар; - да ја познава основната поделба на боите: хроматска и ахроматска; - да умее да користи во ликовната работа видови бои, тонови-валери, мешање и компонирање на боите, одно-сот хармонични и контрастни и симболика на боите.	- Разговара и го објас-нува феноменот на боите - сончев спек-тар; - покажува примери на користење на бојата во ликовни дела; - објаснува.	- Историја на уметноста - Ликовни дела со различни колорис-тички содржини
9. ПРОСТОР **- Реален и илузија на простор**	**2** часа (ориента -ционо)	- Да го разбира поимот простор, дводимензионален - плоштина и тридимензионален (волумен); - да разликува реален од илузија на простор; - да ја познава поврзаноста на просторот и волуменот; - да познава начин на прикажување на просторот на плоштина - видови перспектива (линеарна, обратна, воздушна, иконографска и др.); - да умее да прикажува простор во ликовната работа.	- Објаснува; - демонстрира; - коригира ученички вежби; -споредува; - поставува прашања.	- Геометрија, - Архитектура - Цртање - Ренесансни црте-жи со прикажан простор - перспек-тива
10. ХАРМОНИ-ЈА	**2** часа (ориента	- Да ги познава ликовните принципи и нивната улога во - компонирањето на ликовното дело;	- Подготвува визуелен материјал - репродук-	- Музика - Историја на

- Видови хармонија	ционо)	- да познава видови хармонија (по аналогија, функција и по идеја); - да изработува скици (вежби) за решавање на одреден ликовен проблем и да ги користи знаењата во работата.	ции на видови хармони-ја; - објаснува; - демонстрира.	уметноста
11. КОНТРАСТ **- Видови контраст**	**2** часа (ориента - ционо)	- Да го познава поимот контраст како спротивност на поимот хармонија; - да разликува видови контраст во ликовните елементи и принципи; - да изработува скици (вежби) на видови контраст (на линии, форми, големина боја, тон, текстура и др.) и да го користи во ликовното изразување.	- Објаснува; - демонстрира; - покажува примери со контрасти во ликовни дела.	- Физика (светлина и бои) - Биологија
12. ГРАДАЦИ-ЈА **- Ритам на постепеност**	**2** часа (ориента - ционо)	- Да воочува појави на градација во природата, објектите што ги создал човекот и делата од ликовната уметност; - да ја разбира градацијата како постепен премин (движење) од една состојба во друга; - да познава градација на линија, насока, боја, тон, форма, големина, текстура и др.); - да користи видови градација во изработката на скици (вежби) и во ликовната работа.	- Покажува во приро-дата присуство на градација; - илустрира; - демонстрира; - бјаснува; - поставува прашања.	- Музика - Биологија - Репродукции на ликовни дела
13. РАМНОТЕ-ЖА **- Симетрија и асиметрија**	**2** часа (ориента - ционо)	- Да забележува рамнотежа во природата и делата што ги создал човекот; - да ги познава особеностите на видовите рамнотежа: симетрична, асиметрична, комбинирана и радијална рамнотежа; - да применува видови рамнотежа во изработката на скици (вежби) и во ликовното изразување.	- Демонстрира примери на рамнотежа; - покажува во природа-та, техниката и ликов-ната уметност примери на рамнотежа.	- Природа - Техника - Ликовни уметности
14. ПОВТОРУ-ВАЊЕ	**2** часа (ориента	- Да воочува разлики меѓу простото и алтернативното повторување -ритам;	- Формира колекција на примери од приме-	- Музика - Применета

- Видови повторување - ритам	- ционо)	- да изработува скици - вежби со користење на принципот *повторување* во различни материјали и техника; - да го користи принципот *повторување* за изработка на ликовни решенија од применетата уметност.	нетата уметност: дезени, тапети, текстил; - објаснува, демонстрира, покажува.	уметност - дизајн
15. РИТАМ И ДВИЖЕЊЕ -Видови ритам	**2** часа (ориента - ционо)	Да ја согледува поврзаноста меѓу повторувањето, движењето и ритамот; - да познава видови ритми: регуларен, прогресивен и слободен; - да користи видови ритми во изработката на скици - вежби и во решенија од применетата и ликовната уметност.	- Ја објаснува улогата на ритамот во музиката, поезијата, архитекту-рата и ликовните уметности; - коригира.	- Музика - Поезија
16. ПРОПОР-ЦИИ -Однос на големини	**1** час	- Да забележува разлики на големини во природата и делата од ликовната уметност; - да го разбира поимот пропорција и да го користи пропорцискиот однос на златно сечење; - да користи пропорција во ликовната работа.	- Го објаснува поимот пропорција, античкиот канон на пропорција на човечкото тело; - покажува примери.	- Математика - Антички скулптури од класичниот период
17. ЕДИНСТВО - Видови единство	**1** час	- Да разликува и познава видови единство: со повторување; со потсилување; со зголемување; - да го применува единството во изработката на скици - вежби и ликовната работа.	- Објаснува; -илустрира; - коригира.	- Музика - Техника - Ликовни уметности
18. КОМПОЗИ-ЦИЈА - Типови композиција	**2** часа (ориента - ционо)	- Да го разбира поимот композиција и присуството во другите уметнички дејности: музика, литература, филм; - да познава видови композиција: отворена, полуотворена, затворена - триаголна, радијална и др.; - да користи видови композиција во изработката на скици - вежби и ликовното изразување.	- Покажува примери на композиција во ликовните дела, фотографи-јата, музиката и др.; - објаснува, коригира.	- Музика - Фотографија - Филм - Ликовни уметности
19. ВИДОВИ УМЕТНОСТ	**1** час	- Да воочува елементи на поврзаност меѓу уметничките видови: ликовните уметности, музиката, филмот,	- Ја објаснува врската меѓу уметностите и	- Музика, ликовни уметности,

- Корелација меѓу уметностите		литературата, танцот и др.; - да ги воочува карактеристиките на просторните умет-ности: ликовни уметности, дизајн и архитектура; временските уметности: музика, литература; и временско - просторни: драма, филм, опера.	видовите уметности.	литература, драма, филм

4.2. Наставни методи и активности на учење

Реализацијата на наставната програма по предметот **теорија на обликувањето и дизајнот** ќе се спроведува преку различни форми и методи на работа. Во објаснувањето на ликовниот проблем и давањето општи инструкции ќе се користи фронталната форма (во теоретскиот тип на часовите и во делот за изработка на скици - вежби). Индивидуалната форма ќе се користи во самостојната работа со ученикот и вршењето на коректурите. Користењето на различни методи ќе се спроведува преку работа со учениците во теоретската и практично-творечката работа, покажувањето и вршењето коректури, разгледувањето репродукции, оригинални ликовни дела (во музеи, галерии и др.), демонстрацијата во скицирањето на примерите на ликовната идеја, следењето на видеоснимки и др.

Ученикот ќе ги совладува наставните содржини преку набљудувањето, интенционалното внимание, самостојното учење, изработката на вежби, изработката на скици - вежби во материјал и примена на знаењата во творештвото и др.

Активностите на **наставникот** се: да ја осмислува и организира работата, да изработи годишен глобален и тематски план, да формира колекција на нагледни средства, да разговара, објаснува и демонстрира, да врши коректури, да следи стручна литература, да се грижи и го поттикнува развојот на учениците, да ги оценува постигањата на учениците и др.

4.3. Организација и реализација на наставата по теорија на обликувањето и дизајнот

Наставата ќе се реализира, главно, во училница и работилници - ателјеа за ликовна работа и преку домашни задачи. Овој дел од стручното образование ќе се реализира во две полугодија преку неделен фонд на часови и во вонучилишните индивидуални активности на учениците во вид на домашни работи.

4.4. Наставни средства и помагала

За обезбедување правилен развој на способностите и знаењата на учениците и во остварувањето на целите на наставниот предмет **теорија на обликувањето и дизајнот** во теоретската и практичната работа, ќе се користат различни наставни средства од кои визуелните ќе имаат преоритет: репродукции, непосредно набљудување и анализа на ликовни дела во музеи и галерии, примери

во природата и др. Во теоретската работа основна улога ќе има користењето на учебникот: *Елементи и принципи* од Борко Лазески и друга стручна литература, списанија, уметничка енциклопедија и помагала. За имплементација на теоретските сознанија ќе се изработуваат голем број на практични остварувања во вид на вежби, а, исто така, знаењата ќе се користат и во практично-творечката работа по цртање, сликање, моделирање и другите ликовни подрачја.

5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Процесот на едукацијата бара континуирано следење на развојот на ликовните способности на учениците, нивните знаења од областа на ликовниот јазик и умеења во творечката работа и во совладувањето на ликовните материјали и техники. Процесот на следење и оценување ќе се одвива низ повеќе фази на теоретската и практичната работа. Знаењата и умеењата ќе се следат и проценуваат преку валоризација на нивото на совладани теоретски знаења и нивната практична примена во изработката на практични вежби и во ликовната работа. Овој процес се спроведува во текот на целата учебна година (тримесечјата, првото и второто полугодие), со цел завршниот резултат (сумативното оценување) да го одразува степенот на напредокот што го остварил ученикот низ наставниот процес. Ако ученикот не постигне задоволителен прогрес во совладувањето на теоретските и практичните знаења и умеења, тој се упатува на поправен испит.

6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставната работа како сложен едукативно - работен процес бара наставникот да поседува **персонални, стручни, педагошки и општохуманистички карактеристики:** да е физички и психички здрав, да има соодветно стручно образование, да биде обучен во рамките на барањата што ги поставува законот, да нема физички (говорни, визуелни и др.) мани кои го попречуваат вршењето на дејноста и да поседува способности за квалитетна комуникација со учениците и други лица, да има хуманистички ставови во градењето на животот. Наставникот треба да поседува креативни, организациони и други способности кои ќе овозможуваат квалитет во реализацијата на задачите и унапредување на наставниот процес.

6.2. Стандард за наставен кадар

1. Факултет за ликовни уметности VII -1.
2. Факултет за применети уметности VII -1
3. Факултет за ликовни уметности - педагошки оддел и оддел сликарство; вајарство; графика VII -1

Наставниците треба да имаат стекнато педагошко - психолошка и методска оспособеност на факултетот за ликовни уметности. Стручното лице треба да биде афирмиран ликовен творец.

6.3. Стандард за простор

Реализацијата на целите и задачите на наставниот предмет ќе се одвива во училница и работилница - ателје опремено со потребната опрема (епископ, дијапроектор и др.) според Нормативот за училиште за применета уметност.

7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработката: април 2000 година
7.1.1. Преземено: јуни 2005 година

7.2. Состав на работната група:
1. Газамфер Бајрам, академски сликар, професор во ДСУПУ “Лазар Личеноски” - Скопје;
2. Сашка Митрова – Јорданова, дипломиран ликовен педагог со графика, професор во ДСУПУ “Лазар Личеноски” - Скопје

8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.9. 2005 година

9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по **теорија на обликувањето и дизајнот** ја одобри министерот за образование со Решение бр. 11 - 2555/2 од 11.7.2000 година.